ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
TENNIS FEDERATION OF NORTH MACEDONIA

**До: Клубовите членки на ТФСМ,** **Скопје, 30.06.2023 година**

Предмет: **МАКЕДОНСКА ЛИГА ВО ТЕНИС ЗА Мажи**

**Драги пријатели,**

Тениска Федерација на Северна Македонија , **Ве поканува** да учествувате во **Македонска лига во тенис за мажи**, која ќе се одржи во период 08-12.07.2023 година(во зависност од пријавените екипи) **, на терените на ТК ЈУГ-Скопје.**
Ќе ни биде особено драго ако и вашите членови земат учество во **Македонска лига во тенис за мажи** .
Во прилог ви ги доставуваме пропозициите.

Искрено Ваш,

Натпреварувачко-Судиски комитет на ТФСМ

НАЈСРДЕЧНО СТЕ ДОБРЕДОЈДЕНИ ВО МАКЕДОНСКА ЛИГА ВО ТЕНИС ЗА Мажи .

*Тениска Федерацијана Северна Македонија, Теодосиј Гологанов бр: 149-2/ лоцал 3, 1000 Скопје, Македонија. Тел:/Факс++389 2 3229687, E-mail: :mtf@unet.com.mk*
*Tennis Federation of North Macedonia, Teodosij Gologanov br 149-2/ lokal 3, 1000 Skopje, Macedonia Phone/Fax++389 2 3229687 E-mail: mtf@unet.com.mk*

# МАКЕДОНСКА ЛИГА
# ВО ТЕНИС ЗА Мажи

| | |
|---|---|
| Датум: | 08-12.07.2023година |
| Домаќин: | **Т.К.ЈУГ-Скопје ,** |
| Врховен судија и Делегат од ТФСМ: | Антонио Радојничкиќ |
| Директор на турнирот: | Дополнително ќе се објави |
| Лекарска екипа: | Дополнително ќе се објави |
| Топки: | Babolat Team Clay |
| Терен: | Црвена земја, ( 2-4 терени ). |
| **Категории:** | **Мажи без старосно ограничување но со наполнети 14 години** |
| Турнирски план: | Според Правилата и Прописите на натпревари кои се составен дел на овие пропозиции. |
| **Потврдување на учество и пријава:** | **Среда 05.07.2023 година на E-mail: sudiskonatprevaruvacki@tfsm.mk** |
| **Номинација на играчи:** | **Среда, 05.07.2023 година на E-mail: sudiskonatprevaruvacki@tfsm.mk** |
| Учество | Право на учество имаат сите клубови кои ги имаат подмирено сите обврски кон федерација вклучувајќи ја и котизацијата за учество во висина од 6.000,00 (Шест илјади) денари од екипа,која треба да се уплати на сметката на Тениска Федерација на Северна Македонија 300 000 000 981 676,Комерцијална Банка а.д.Скопје најдоцна до Среда 05.07.2023 година. Исто така сите пријавени играчи треба да ја имаат уреден Лекарски преглед не постар од 6 месеци и подмирено годишната регистрација кон ТФСМ во износ од 1.000,оо денари. |
| **Распоред:** | **Групите и Распоредот за играње ќе бидат објавени во Петок 07.07.2023 година, до 14,оо ч.** |
| **Награден Фонд:** | **1во место 123.000,оо ден.**<br>**2роместо 61.500,оо ден**<br>**3то место 30.750,оо ден. и**<br>**4то место 15.675,оо ден.** |

**Тениска Федерација на Северна Македонија**
**Натпреварувачко- Судиски Комитет**

*Тениска Федерацијана Северна Македонија, Теодосиј Гологанов бр: 149-2/ лоцал 3, 1000 Скопје, Македонија. Тел:/Факс++389 2 3229687, E-mail: :mtf@unet.com.mk*
*Tennis Federation of North Macedonia, Teodosij Gologanov br 149-2/ lokal 3, 1000 Skopje, Macedonia Phone/Fax++389 2 3229687 E-mail: mtf@unet.com.mk*

11.1 Тениската лига на Македонија се организира како Прва лига и квалификации.
11.2 Домаќинот на натпреварот го одредува ТФСМ.
11.3 Број на екипи во Македонската тениска лига изнесува 8(осум) екипи.
11.4 Право на учество во Македонската тениска лига имаат сите регистрирани тениски клубови во ТФСМ, со уредно платена членарина за тековната година.
11.5 Пријавнината за учество во македонска лига ја одредува Управниот одбор на ТФСМ пред почетокот на натпреварувачката сезона и ќе се плаќа пред секој натпревар.
11.6 Правила за пополнување на лигата: По завршувањето на лигата последната екипа излегува од лигата и следната година ќе ја игра во квалификациите, додека првиот од квалификациите ќе се вклучи во првата лига.
11.7 Во квалификациите учествуваат екипи кои немале пласман во Лигата и новоформираните клубови.
11.8 Правила на натпревари во Првата лига и Квалификациите. Лигата ќе се одржи со најмалку 3 пријавени екипи, секоја екипа во лигата ќе игра со сите други екипи од лигата. Како што следи: пријавени 3 до 5 екипи, сите играат во една група секој со секого пријавени 6 екипи - две групи составени од по 3 екипи, најдобрите пласирани играат за 1во место, 2ро пласираните од групите играат за 3 то место, пријавени 7 екипи - се игра во две групи, каде во првата група каде е 1 носител ќе бидат извлечени 3 екипи, најдобропласираните играат за 1во место, 2ро пласираните од групите играат за 3 то место, пријавени 8 екипи - се игра во две групи од по 4 екипи, најдобропласираните играат за 1во место, 2ро пласираните од групите играат за 3то место, минималниот број натпреварувачи е 5, а максималниот 12 со тоа што натпреварот мора да го започнат најмалку 5 натпреварувачи. Одредување на натпреварувачкото место во екипите ќе се врши според важечката ранг-листа на ТФСМ и според одредбите кои го регулираат рангирањето на играчите. Играчите кои не се рангирани може да се стават на кое било место во екипата, но после рангираните. Натпреварите се играат по системот 5 поединечни натпревари во два добиени сета со примена на правилото "тие - бреак" во секој сет и 2 натпревари во двојки во два добиени сета, без предност со примена на правилото "тие бреак", а при резултат 1:1 во сетови ќе се игра одлучувачки "меч тие бреак" (10 поени) на местото од 3 сет.
11.9 Право на настап во екипите имаат сите регистрирани играчи во ТФСМ кои имаат наполнети 14 години. На секој меѓусебен Натпревар на Тениската Лига помеѓу два тениски клуба, може да настапат само 2 (два) натпреварувачи странци поединечно и во игра на двојки.
11.10 Секој домаќин е должен да ги обезбеди следниве услови за натпреварување: најмалку 3 истородни тениски терени со димензии прифатени според ИТФ правилата. Делегатот/врховниот судија и судиите на стол ги одредува ТФСМ, а организаторот ги покрива трошоците за сместување, храна и превоз . Хонораророт на Делегатот го покрива ТФСМ, а дневниците на судиите на стол ги покрива организаторот. Топки за натпреварите обезбедува ТФСМ. Секој поединечен меч се игра со нови топки, а игрите во двојки - со топки кои се употребени во поединечните натпревари.
11.11 Победникот на македонската лига на ТФСМ го добива преодниот пехар и награда која ќе биде одредена пред почетокот на натпреварувачката сезона од страна на Управниот одбор на ТФСМ.
11.12 Доколку некоја екипа нема платено членарина за тековната година и пријавнина за учество во Првата лига (до колку е член на лигата) нема да и биде дозволено учество во лигата.
11.13 Доколку некоја екипа не настапи на два натпревара во лигата го губи правото на учество во лигата и испаѓа од лигата.

**Тениска Федерација на Северна Македонија**
**Натпреварувачко- Судиски Комитет**

*Тениска Федерацијана Северна Македонија, Теодосиј Гологанов бр: 149-2/ лоцал 3, 1000 Скопје, Македонија. Тел:/Факс++389 2 3229687, E-mail: :mtf@unet.com.mk*
*Tennis Federation of North Macedonia, Teodosij Gologanov br 149-2/ lokal 3, 1000 Skopje, Macedonia Phone/Fax++389 2 3229687 E-mail: mtf@unet.com.mk*